# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е
## кон Буџетот на Општина Битола за 2024 година

## ЗАКОНСКИ ОСНОВИ

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ."бр.5/2002), член 29 став 1 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ."бр. 61/2004, 96/2004, 67/2007,156/09,47/11,192/15,209/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 244/2019, 53/2021,77/2021 ,150/2021 и 173/22 год.) и член 36 од Законот за буџети („Службен весник на РМ" бр.64/05, 04/08, 103/08,156/09, 95/10, 180/11,171/12,192/15,167/16 и Службен весник на Република Северна Македонија бр 151/2021) и врз основа на Дополнување на Насоките за подготовка на буџетите на ЕЛС за 2024 година од 30.08.2024 година со кои на Општина Битола и се доделени дополнителни средства за блок дотации од областа на образованието,социјалната и детска заштита,културата во износ од 48.923.658,00 денари, намалување по основ на ДДВ по новата распределба на приходите од ДДВ по општини за 7.020.967,00 денари за 2024 година и 9.975.611,00 денари 20% аванс кои ќе го користиме од доделените средства по основ на Договори со Министерство за транспорт за следните проекти: ЈГЛ -Реконструкција на водоводна линија на потег Битола-с. Поешево-с.Логоварди во износ од 29.349.605,00 денари, ЈИЦ- Изградба на фекална и атмосферска канализација на улици од ДУП БЛР 4 блок 2 за улиците 150-та,170-та и 210-та во износ од 9.810.226,00 денари,ЈИЛ- Реконструкција на канализација на улица Панде Кајзеро во износ од 3.249.089,00 денари,ЈИИ и ЈИК Изградба на канализација на улица СТУЗ арм четврт 1 (фекална и атмосферска со приклучоци) во износ од 7.469.131,00 денари.

Приходите кај Самофинансирачките активности се намалуваат за незначителни 168.252,00 денари.

И приходите од Донации се зголемуваат за 2.021.000,00 денари дополнителни донации добиени кај основните училишта.

Заедно со приходите од самофинансирачки активности, дотации,донации, вкупниот буџет на Општината Битола ќе изнесува 2.630.849.537,00 денари.

При подготовка на Измените и дополнувањата на буџетот за 2024 година се почитуваат начелата на економичност и рационалност во трошењето на буџетските средства, да се зголеми фискалната одговорност, отчетност и транспарентност, да се подобри буџетското планирање и извршување преку дефинирани програми и потранспарентно планирање и искористување на капиталните расходи, како и да се спроведува дисциплинирана буџетска потрошувачка во насока на рестриктивна и ригорозна контрола на помалку продуктивните трошоци, без да се наруши нормалното функционирање на буџетските институции.

Буџетот на единиците на локалната самоуправа содржи: општ, посебен и развоен дел.

# ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ
# ПРИХОДИ НА ОПШТИНА БИТОЛА

Планирани извори на приходи од кои ќе се финансираат расходите на Општина Битола во Буџетот за 2024 година со измените и дополнувањата се од :

1. ***Даночни приходи***
2. ***Неданочни приходи***
3. ***Капитални приходи***
4. ***Трансфери и донации***

| | Ребаланс 1 | **Ребаланс 2** | |
|---|---|---|---|
| Даночни приходи | **511.923.336,00** | **507.513.983,00** | **19,29%** |
| Неданочни приходи | **160.833.288,00** | **160.678.076,00** | **6,11%** |
| Капитални приходи | **60.505.000,00** | **64.901.313,00** | **2,47%** |
| Трансфери и донации | **1.843.856.863,00** | **1.897.756.165,00** | **72,13%** |
| **Вкупно**: | **2.577.118.487,00** | **2.630.849.537,00** | **100%** |

Од табеларниот приказ се заклучува дека најголемо учество во вкупните приходи и со измените и дополнувањата ќе имаат: 72,13 % имаат приходите остварени од трансфери и донации, 19,29 % отпаѓаат на даночни приходи, додека останатите 6,11 % се приходи од неданочни приходи и 2,47 % од капитални приходи.

Со анализата на даночните приходи се отценува способноста на општината да ги собери сопствените приходи особено даноците на имот и комунални такси кои преставуваат фискален капацитет на општината и идните активности на општинската администрација треба да бидат насочени кон зголемување на приходите остварени од данокот на имот и комунални такси.

***а) Даночни приходи***

Со измените и дополнувањата на Буџетот на Општина Битола за 2024 година даночните приходи ќе го имаат следниот распоред:

| | Ребаланс 1 | **Ребаланс 2** | |
|---|---|---|---|
| Данок од доход, од добивка и од капитални добивки | **52.620.000,00** | **77.791.860,00** | **15,33%** |
| Даноци од имот | **154.250.000,00** | **158.250.000,00** | **31,18%** |
| Даноци од специфични услуги | **281.793.336,00** | **248.182.123,00** | **48,90%** |
| Такси за користење или дозволи за вршење на дејност | **23.260.000,00** | **23.290.000,00** | **4,59%** |
| **Вкупно**: | **511.923.336,00** | **507.513.983,00** | **100%** |

Кај структурата на даночните приходи со измените и дополнувањата може да се забележи дека најголемо учество ќе имаат приходите остварени од данокот на специфични услуги, односно уредување на градежното земјиште со процент од 48,90%, додека данокот од имот, ќе учествува со 31,18%, данокот на доход, од добивка и од капитални добивки отпаѓа 15,33 %, што е во рамките на планираните средства, и такси за користење или дозволи за вршење на дејност со 4,59%.

***б) Неданочни приходи***

Структурата на неданочните приходи со измените и дополнувањата за 2024 година во вкупниот Буџет на Општина Битола е претставена во следната табела и тие се составени од приходи од други владини услуги, такси и надоместоци и други неданочни приходи .

| | | Ребаланс 1 | Ребаланс 2 |
|---|---|---|---|
| **722** | Глоби, судски и административни такси | 3.000.000,00 | **3.013.040,00** |
| **723** | Такси и надоместоци | 129.620.262,00 | **129.372.262,00** |
| **725** | Други неданочни приходи | 28.213.026,00 | **28.292.774,00** |
| | **Вкупно:** | 160.833.288,00 | **160.678.076,00** |

Кај неданочните приходи најголемо учество имаат такси и надоместоци 80,52%, следат други неданочни приходи 17,61%, и глоби, судски и административни такси 1,87%.

***в) Капитални приходи***

| | | Ребаланс 1 | Ребаланс 2 |
|---|---|---|---|
| **733** | Продажба на земјиште и нематеријални вложувања | 60.505.000,00 | **64.901.313,00** |
| | **Вкупно**: | 60.505.000,00 | **64.901.313,00** |

Со измените и дополнувањата на Буџетот на Општина Битола за 2024 година капиталните приходи се зголемуваат за 4.396.313,00 денари.

***г) Трансфери и донации***

Учеството на трансферите од други нивоа на власт и донациите од странство во вкупниот Буџет на Општината за 2024 година со измените и дополнувањата се застапени со следните износи:

| | | Ребаланс 1 | Ребаланс 2 |
|---|---|---|---|
| **741** | Трансфери од други нивоа на власт | **1.777.291.892,00** | **1.829.166.194,00** |
| **742** | Донации од странство | **66.534.971,00** | **68.559.971,00** |
| **744** | Тековни донации | **30.000,00** | **30.000,00** |
| | **Вкупно**: | **1.843.856.863,00** | **1.897.756.165,00** |

Покрај наменските и блок дотации во овие приходи во основниот буџет на општината спаѓаат и средствата добиени од Фондот за патишта ( 10.927.946,00 денари), средствата од дотации од ДДВ со измените и дополнувањата во износ од (192.154.814,00 денари), во ставката за пренесениот вишок на приходи од минатата година во основниот буџет спаѓа пренесен вишок на приходи на сметката на основниот буџет (250.409.375,00 денари) и средствата добиени со Одлука на Влада број 41-13221/9 од 19.12.2023 година во износ од 110.000.000,00 денари за Проект за реконструкција на улица 8 ми септември на влезот од страната на Прилеп и 998.634,00 денари добиени средства од Министерството за животна средина за Изградба на фекална канализација во с. Трново како и 9.975.611,00 средствата за авансното плаќање за капиталните трансфери од други нивоа на власт и пренесениот вишок на приходи од сметките за самофинансирачки активности, дотации и донации.

Во донации од странство планирани се дополнителни средства за донации добиени кај локалните јавни установи. Со измените и дополнувањата добиени се донации за дополнителни кај ОУ Даме Груев, ОУ Климент Охридски, ОУ Елпида Карамански, СОЕУ Јане Сандански.

## РОДОВО БУЏЕТИРАЊЕ

Прашањата за економската независност на жената, нејзиниот напредок во животот и кариерата и уривањето на стереотипите, се клучни моменти околу кои може да се концентрира борбата за родова еднаквост, што мора да се направи не во натпревар, туку во заедничко партнерство помеѓу жените и мажите. Непобитен факт е дека мажите и жените се различни едни од други и меѓу нив постојат природни, биолошки разлики кои не можат да се надминат. Но, разликите кои ги наметнало општеството, стереотипите и општоприфатените родово - дискриминирачки модели, се тие што можат и треба да се намалат, изедначат, надминат.

Создавање повеќе и подобри работни места за жените на локално ниво, еднаков пристап до образование и професионална реализација, надминување на вкоренетите стереотипи за жените и мажите и нивните улоги во општеството преку кампањи, обуки и работилници, зајакнување на приходите на жените - што ќе значи безбедност во текот на целиот животен циклус, преку обезбедување на нивната економска самостојност, особено на ранливите социјални категории, инвестирање во родово одговорни - социјални услуги, зголемување на ресурсите за постигнување суштинска, а не само декларативна еднаквост, поддршка на женските организации на сите нивоа, создавање поволно опкружување за реализација на женските права во општина Битола, континуирана евалвација, преку генерирање докази, кои ќе бидат оценка за напредокот на женските економски и социјални права, преку родово одговорна статистика, изработка на формулари и прашалници, креирање родово сензитивен буџет.

# ПЛАНИРАНИ БУЏЕТСКИ РАСХОДИ НА ОПШТИНА БИТОЛА

Со измените и дополнувањата на Буџетот на Општина Битола за 2024 година вкупните планирани расходи на Општина Битола за 2024 година ќе изнесуваат **2.630.849.537,00** денари и со тоа се запазува буџетското правило на балансирани приходи и расходи. Истите се утврдени по одредени намени и видови согласно економската класификација.

| | | Ребаланс 1 | Ребаланс 2 |
|---|---|---|---|
| **40** | Плати, наемнини и надоместоци за вработените | **1.185.181.102,00** | **1.209.445.687,00** |
| **41** | Резерви и недефинирани расходи | **1.700.000,00** | **1.700.000,00** |
| **42** | Стоки и услуги | **579.652.545,00** | **610.264.821,00** |
| **45** | Каматни плаќања | **3.000.000,00** | **2.700.000,00** |
| **46** | Субвенции и трансфери | **210.661.294,00** | **227.159.594,00** |
| **47** | Социјални бенифиции | **5.000.000,00** | **5.300.000,00** |
| **48** | Капитални расходи | **577.423.546,00** | **559.997.723,00** |
| **49** | Отплата на главница | **14.500.000,00** | **14.281.712,00** |
| | **Вкупно:** | **2.577.118.487,00** | **2.630.849.537,00** |

Со измените и дополнувањата на Буџетот за 2024 година учеството на капиталните расходи е со 21,29% делот на расходите за стоки и услуги на кои отпаѓаат 23,20% покрај обезбедувањето на редовното функционирање на општината се содржани и расходите за финансирање на комуналните услуги и тековното одржување на основното образование и детската заштита, старскиот дом и зоолошката градина. Платите и надоместоците на вработените во општинската администрација и локалните јавни установи учествуваат со 45,97%.Субвенциите и трансферите во најголем дел ги опфаќаат трансферите до невладините организации,спортските клубови, ќе учествуваат со 8,63%.Социјалните бенефиции ќе учествуваат со 0,20% и резервите и недефинираните расходи со 0,06%, каматните плаќања со 0,10% и отплата на главница со 0,54%.

## ТЕКОВНО- ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ

Со измените и дополнувањата во тековно - оперативните расходи доминираат расходите за стоки и услуги 29,47 % и плати и надоместоци 58,40 % со што се обезбедува редовна основна функција на општината и локалните јавни установи. Со пренесените надлежности во образованието и детската заштита, старскиот дом и зоолошката градина се зголемува фискалната одговорноста на општината.

| | | Ребаланс 1 | Ребаланс 2 |
|---|---|---|---|
| **40** | Плати, наемнини и надоместоци за вработените | **1.185.181.102,00** | **1.209.445.687,00** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **41** | Резерви и недефинирани расходи | **1.700.000,00** | **1.700.000,00** |
| **42** | Стоки и услуги | **579.652.545,00** | **610.264.821,00** |
| **45** | Каматни плаќања | **3.000.000,00** | **2.700.000,00** |
| **46** | Субвенции и трансфери | **210.661.294,00** | **227.159.594,00** |
| **47** | Социјални бенифиции | **5.000.000,00** | **5.300.000,00** |
| **49** | Отплата на главница | **14.500.000,00** | **14.281.712,00** |
| | **Вкупно** | **1.999.694.941,00** | **2.070.851.814,00** |

## КАПИТАЛНИ РАСХОДИ

Капиталните расходи во најголем дел се однесуваат на изготвување на проекти, изградба на улици и патишта,водовод, канализација во урбаниот дел на општината, како и во руралниот дел на општината.Во капиталните расходи се планирани и средства за купување на мебел, опрема возила и машини. Овие расходи се во функција на подобрување на јавните услуги и подобрување на инфраструктурата во општината. Учеството на капиталните расходите со измените и дополнувањата изнесува 21,29%.

| | | Ребаланс 1 | Ребаланс 2 |
|---|---|---|---|
| **480** | Купување на опрема и машини | **30.993.815,00** | **30.307.692,00** |
| **482** | Други градежни објекти | **507.263.155,00** | **499.617.455,00** |
| **483** | Купување на мебел | **9.228.000,00** | **8.658.000,00** |
| **485** | Вложувања и нефинансиски средства | **27.404.576,00** | **20.414.576,00** |
| **486** | Купување на возила | **2.534.000,00** | **1.000.000,00** |
| | **Вкупно:** | **577.423.546,00** | **559.997.723,00** |

# ФИНАНСИРАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ ПО ПРИОРИТЕТИ УТВРДЕНИ ВО ПРОГРАМИТЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА БИТОЛА

## *АО-СОВЕТ НА ОПШТИНА*

Со измените и дополнувањата на Буџетот на Општина Битола за 2024 година работата на Советот на Општина Битола ќе се финансира со средства во износ од **26.875.000,00 денари**.

## *Д0- ГРАДОНАЧАЛНИК*

Работата на Градоначалникот на Општина Битола ќе се финансира во ист износ од **7.092.000,00 денари.**

## *Д1- МЕСНА САМОУПРАВА*

Средствата кои се предвидени во оваа програма и се наменети за тековно одржување на месните заедници и се во висина од **1.300.000,00 денари.**

## *ЕО-ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА*

Во оваа програма се планираат тековно – оперативните расходи кои се потребни за работа на општинската администрација. Средства кои се планираат за работата на општинската администрација се во износ од **232.450.011,00 денари ,** за 4.955.867,00 денари повеќе и тоа за: вода и канализација,пелети, објава на огласи и др.

## *ЕА- КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ НА ОПШТИНАТА*

Со измените и дополнувањата програмата се намалува во ставката на купување на возилата и купување на друга опрема и програмата ќе се финансира со средства во висина од **11.709.000,00 денари**. Во колоната Донации планирани се средства во висина од 1.835.700,00 денари за набавка на опрема од проектот Смарт за тебе 2.

## *Ф1- УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ*

Финансирањето на оваа програма е со средства во висина од **7.780.500,00 денари** со измените и дополнувањата на Буџетот за 2024 година.

## *Г1-ПОДРШКА НА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ*

Расходите од оваа потпрограма наменети се за партиципација на општината во проекти , партиципација на општината во центарот за развој на Пелагонискиот регион, членарина за ЗЕЛС за тековно работење подршка на проекти кофинансирање на општината на проекти во соработка со Центарот за развој на пелагонискиот регион и подршка на други проекти, за инклузија на деца роми,стратегија за ЛЕСС,стратегија за локален развој,соработка за локален волонтерски совет и совет на млади, обуки за

превенција од заразни болести, реализација на проект за Почиста Битола, трансфери за социјален погреб, трансфер на средства на Регоналниот центар на слепи лица и др .
Планираните средства со измените и дополнувањата на Буџетот за 2024 година се **28.802.187,00 денари**.
Во колона Донации испланирани се средства за реализација на проектите: Креирање на можности за работа за сите, ОКР СРЦ 19 исто така остануваат на исто ниво од **3.481.944,00 денари.**

***Г2-ПОТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ***

И оваа програма ќе се финансира со средства во ист износ со ребалансот на Буџетот на Општина Битола за 2024 година.
Средствата наменети во оваа програма во износ од **4.000.000,00 денари остануваат на исто ниво.**
Во колана Донации планирани се средства ( тековно-оперативни расходи) за реализација на проектот Смарт за тебе 2 во износ од **13.409.911,00 денари**.

***ГД-ПРОЕКТИ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ***

Во оваа програма се планираат капиталните расходи кои се поврзани со подобрување и унапредување на енергетската ефикасност на локално ниво.
За подготвување на проекти и реконструкција на капацитети во енергетиката планирани се средства во висина од **409.119,00 денари.**За реконструкција на капацитети во енергетиката планирани се средства во висина од **3.000.000,00 денари** и тие остануваат на исто ниво**.**

***Ј2- ОДВЕДУВАЊЕ И ПРЕЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ***

Во оваа програма се планираат субвенции за ЈП Жабени во висина од 600.000,00 денари.

***Ј3- ЈАВНО ОСВЕТЛЕНИЕ***

Во оваа програма се планираат тековно – оперативните расходи поврзани со одржување и функционирање на системите за јавно осветлување во општината.
За јавното осветление во општина Битола, планирани се средства во износ од **56.000.000,00 денари** или за 3.400.000,00 денари повеќе од првично планираниот износ наменети за електрична енергија.

***Ј4- ЈАВНА ЧИСТОТА***

Во оваа програма се планираат тековно – оперативните расходи поврзани со одржување на јавната чистота во општината, односно собирање и транспортирање на комунален отпад и одржување на местата за селективно собирање на отпад од страна на ЈП Комуналец - Битола.
Финансирањето на програмата за јавна чистота останува на **20.000.000,00 денари.**

***Ј5- ЈАВЕН ЛОКАЛЕН ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ***

Оваа програма го опфаќа субвенционирањето на јавното меѓуопштинско претпријатие , средствата му се потребни за покривање на тековно-оперативните трошоци и вкупната сума од **2.079.324,00 денари** останува иста**.**

***Ј6- ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА,УЛИЦИ,И РЕГУЛИРАЊЕ НА РЕЖИМ НА СООБРАЌАЈ***

Програмата се планира да се финансира со средства во висина од **32.731.642,00 денари и останува на исто ниво.**

***Ј7- ОДРЖУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО***

Во оваа програма се планираат тековно – оперативните расходи поврзани со одржување на постојните паркови и обновување на зеленилото во општината од страна на ЈП Комуналец- Битола.

Програмата се планира да се финансира со средства во висина од **30.000.000,00 денари.**

***Ј8- ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ***

Со измените и дополнувањата на Буџетот за 2024 година оваа програма се намалува само во делот на средствата за дезинфекција и деритизација каде е постигната пониска цена при тендерирање на оваа услуга за 504.348,00 денари и вкупната програма ќе изнесува **25.495.652,00 денари.**

***ЈА- ИЗГРАДБА НА ЈАВНО ОСВЕТЛЕНИЕ***

Во оваа програма се планираат капиталните расходи кои се поврзани со набавка, реконструкција и поставување на нови системи за јавно осветлување.

Програмата се планира да се реализира со средства во висина од **1.601.731,00 денари.**

***ЈД- ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ УЛИЦИ И ПАТИШТА***

Во оваа програма се планираат капиталните расходи кои се поврзани со изградба и реконструкција на локални патишта и улици,подготвување на проекти за улици и патишта како и надомест за одземен имот.

Програмата се планира да се реализира со средства во висина од **115.156.575,00 денари** од кои за подготвување на проекти за улици и патишта и мостови **се 19.420.373,00 денари и 79.313.626,00 денари** за изградба и реконструкција на улици и патишта и **16.422.576,00 денари** за експропријација.

Во колоната Донации планирани се средства за реализација на капиталните расходи за проектот Смарт за тебе 2 во износ од **25.404.619,00 денари.**

***ЈФ- ИЗГРАДБА НА СООБРАЌАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА***

Во оваа програма се планираат капиталните расходи кои се поврзани со поставување и заменување на сообраќајните знаци и заштитна опрема на локалните патишта и улици, односно подигање на вертикална и хоризонтална сигнализација.

Програмата се планира да се реализира со средства во висина од **3.780.115,00 денари** и останува на исто ниво со измените и дополнувањата на буџетот за 2024 година.

***ЈГ- ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ***

Во оваа програма се планираат капиталните расходи кои се поврзани со изградба, реконструкција и доградба на водоснабдителниот систем на територијата на општината и набавка на потребната опрема, подготвување на проекти за капацитети за водоснабдување.
Програмата се планира да се реализира со средства во висина од **15.047.107,00 денари** од кои средства **661.436,00 денари** за проекти за водоснабдување **и 14.385.671,00 денари** за изградба и реконструкција на капацитети за водоснабдување.

***ЈИ- ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ОДВЕДУВАЊЕ И ПРЕЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ***

Во оваа програма се планираат капиталните расходи кои се поврзани со изградба, реконструкција и доградба на канализациониот систем (атмосферска и фекална канализација) на територијата на општината и набавка на потребната опрема,подготвување на проекти и др.
Програмата се планира да се реализира со средства во висина од **15.526.539,00** денари и тоа за подготвување на проекти за атмосферска и фекална канализација **4.371.989,00 денари** и за изградба и реконструкција на атмосферска и фекална канализација **11.154.550,00 денари.**

***ЈЛ- ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ (КАПИТАЛНИ РАСХОДИ)***

Во оваа програма се планираат капиталните расходи за други комунални услуги како изградба и реконструкција на други објекти и подготвување на проекти за други објекти.
Програмата се планира да се реализира со средства во висина од **32.079.944,00 денари** во овие средства се испланирани средства за подготвување на проекти за други објекти во износ од **13.434.495,00 денари**, и **13.645.449,00 денари** за изградба и реконструкција на други објекти и надзор над изградбата во висина од **5.000.000,00 денари.**
Во колоната Донации планирани се средства за реализација на проектот Смарт за тебе 2 во износ од **263.117,00 денари.**

***К3-МУЗЕЈСКА И КИНОТЕЧНА ДЕЈНОСТ***

Платите на вработените и тековно - оперативните расходи на Зоолошката градина се финансираат од блок дотации од Министерство за Култура во износ од **14.669.579,00 денари** заедно со пренесениот вишок на приходи од минатата година. Дотацијата е зголемена за 746.562,00 денари. За сите останати активности на Зоолошката градина ги користи средствата од Самофинансирачки активности за која доставува финансиски план до општината и се предвидени средства во висина од **1.129.748,00 денари и 1.750.000,00 денари** од Буџетот на општината. **КИЦ** планира финансирање од Самофинансирачки активности во износ од **5.730.000,00 денари** и средства од буџетот на општина Битола во износ од **10.000.000,00 денари.**

***К4-КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО***

Во оваа програма се планираат тековно – оперативните расходи за културните манифестации во Општина Битола вградени во Програмата за Култура за 2024 година.
Програмата се планира да се реализира со средства во висина од **18.000.000,00 денари.**

***КА-КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО (Капитални трошоци)***

Во колоната Самофинансирачки активности планирани се средства за капитални расходи на Зоолошката градина во износ од **380.000,00 денари**.

***ЛО-СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА***

Во оваа програма се планираат тековно – оперативните расходи поврзани со организирање на спортски активности манифестации, поддржување на натпревари на општинско ниво, поддршка на училишниот спорт, поддршка на масовни спортско рекреативни активности на граѓаните и друго.
Програмата се планира да се реализира со средства во висина од **85.550.000,00 денари** за 6.000.000,00 денари повеќе од првично планираниот износ.
**Во колоната Донации** планирани се средства во висина од **445.700,00 денари** за реализација на проектот Зајакнување на улогата на младите во спортот.

***ЛА-СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА ( Капитални трошоци)***

Во рамките на оваа програма се планирани средства за купување на спортски реквизити за училиштата во висина од **500.000,00 денари.**

***Н1-ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ***

Во оваа програма се планираат расходи поврзани со работењето на основните училишта и тоа: плати и надоместоци на вработените во основните училишта и материјални трошоци, трошоци за телефон, интернет, поштенски услуги, електрична енергија, греење, вода, подигање на смет, тековни поправки и одржување на згради, канцелариска опрема и возила во сопственост на основните училишта и други расходи.

Во колона Буџет во програмата Н1- Основно образование планирани се средства за подршка на работата и активностите на основните училишта со средства во висина од **66.713.000,00 денари,** заради недостаток од средства во наменската и блок дотација се зголемуваат средствата во оваа програма за 6.898.000,00 денари.

Училиштата како буџетски корисник на општината подготвуваат финансиски планови за своето работење. Во основното образование за 12 училишта на подрачјето на општина Битола се планираат средства од Самофинансирачки активности во висина од **7.947.800,00 денари** , за 24.000,00 денари повеќе од претходно планираниот износ.

Од блок дотациите се финансираат платите и тековното одржување на училиштата со средства во висина од **604.922.937,00 денари** заедно со пренесениот вишок на приходи. Дотацијата е зголемена за 28.556.000,00 денари.

Во колоната Донации се предвидени средства во висина од **11.822.523,00 денари** за 2.021.000,00 повеќе од претходно планираниот износ, за реализација на проекти кај основните училишта: "Климент Охридски", "Ѓорги Сугарев", "Даме Груев" “Елпида Караманди” и др.

***Н2- СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ***

Во оваа програма се планираат расходи поврзани со работењето на средните училишта и тоа: плати и надоместоци на вработените во средните училишта , материјални трошоци, трошоци за телефон, интернет, поштенски услуги, електрична енергија, греење,

вода, подигање на смет, тековни поправки и одржување на згради, канцелариска опрема и возила во сопственост на средните училишта и други расходи.

Училиштата како буџетски корисник на општината подготвуваат финансиски планови за своето работење. За средното образование за 6 училишта на подрачјето на општина Битола се планираат средства од Самофинансирачки активности во висина од **12.148.900,00 денари** .

Од блок дотациите се финансираат платите и тековното одржување на училиштата со средства во висина од **404.827.040,00 денари** заедно со средствата од пренесениот вишок на приходи.Блок дотацијата се зголеми за 15.500.000,00 денари.

Во колоната Донации се предвидени средства за тековно- оперативни расходи во висина од **6.474.250,00 денари** за реализација на проекти кај средните училишта: "Јосип.Б.Тито", "Кузман Шапкарев", "Таки Даскало", "Ѓорѓи Наумов", "Јане Сандански " "д-р Јован Калаузи".

***НА-КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ЗА ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ***

Во оваа програма планирани се капиталните расходи од Самофинансирачки активности кај основните училишта во износ од **2.857.000,00 денари,** и капиталните расходи од Донации кај основните училишта во износ од **537.500,00** денари и капитални расходи во основниот буџет во висина од **110.000,00 денари.**

***НБ-КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ЗА СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ***

Во оваа програма планирани се капиталните средства од Донации кај средните училишта во вкупен износ од **215.000,00 денари,** и капиталните расходи кај средните училишта во сметката Самофинансирачки активности во износ од **4.322.500,00 денари.**

***Р1-ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДА***

Во буџетот на општина Битола се планираат расходи поврзани со превземањето на мерки и активности за заштита и унапредување на животната средина кои не се во исклучива надлежност на други државни органи.

Општина Битола ќе превзема мерки и активности за зачувување и унапредување на здравјето, животната и работна средина, како и за заштита од заразни болести со средства во износ од **10.330.000,00 денари** кои останувaат на исто ниво.

***В1-ДЕТСКИ ГРАДИНКИ***

Кај детските градинки во основниот буџет се планирани средства по основ на трансфери за пензионирање и средства за боледување подолго од шест месеци , смрт на вработен и член на потесно семејство во износ од **1.364.000,00 денари.**

Детските градинки се корисници на блок дотација од Министерство за Труд и социјална политика и таа за 2024 година **заедно со пренесениот вишок на приходи изнесува 182.760.493,00 денари,** наменети се за плати и надоместоци од плати и тековно-оперативни расходи**.** Вкупната дотација е зголемена за 3.918.493,00 денари**.** Планираните средства од Самофинансирачки активности изнесуваат **57.419.424,00 денари**, и за начинот на користење на истите доставуваат финансиски план до општината.Во колона Донации предвидени се средства од донации во висина од **360.000,00 денари** за донации кои треба да ги добие градинката Естреја.О.Мара.

***ВА- КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ЗА ДЕТСКИ ГРАДИНКИ***

Во оваа програма се планираат капиталните расходи за детските градинки од сметката Самофинансирачки активности во износ од **12.810.000,00 денари**.

***В2-ДОМ ЗА СТАРИ ЛИЦА***

Кај домот за стари лица Сју Рајдер- Битола во основниот буџет се планираат средства за тековно-оперативни расходи ( ел.енергија, вода, ѓубретарина,прехрамбени продукти и пијалоци, други договорни услуги како и средствата за трансфери при пензионирање,боледување подолго од 6 месеци, смрт на вработен и член на потесно семејство во висина од **8.065.000,00 денари или за 3.600.000,00 денари повеќе од претходно планираниот износ.**

Домот за стари лица како буџетски корисник за да може да функционира доставува до општината финансиски план за своето работење и по пат на Самофинансирачки активности ќе се финансира со **30.497.000,00 денари**.

Блок дотацијата која ја добива од Министерство за труд и социјална политика заедно со пренесениот вишок на приходи од минатата година е во вкупен износ од **20.491.301,00 денари** и се наменети за плати на вработени и тековно одржување на Домот за стари лица.

***ВБ- КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ЗА ДОМОВИ ЗА СТАРИ ЛИЦА***

Во оваа програма се планирани капиталните расходи за Домот за стари лица во делот на сметката Самофинансирачки активности во износ од **160.000,00 денари.**

***Ђ0-ПРОТИВПОЖАРНАТА ЗАШТИТА***

За финансирање на активностите на противпожарната единица во Битола во рамките на оваа програма се планираат средства за функционирање и од Буџетот на општината **24.423.345,00 денари** за 4.076.845,00 денари повеќе од претходно планираниот износ, и со наменска дотација од Министерство за Одбрана **24.700.861,00 денари,** наменети исклучиво за плати на вработените во ТППЕ- Битола .

***ЂА-ПРОТИВПОЖАРНАТА ЗАШТИТА(капитални трошоци)***

Во рамките на оваа програма се планираат средства во висина од **150.000,00 денари** за купување на опрема за потребите на ТППЕ- Битола.

***Џ1-РОДОВА ЕДНАКВОСТ***

Во оваа програма се планираат тековно – оперативните расходи поврзани со родовата еднаквост. Програмата е вградена во програмата за работа на КЕМ и се планираат активности во делот воведување на родовиот пристап во креирање на политики, донесување на одлуки и пристап до ресурсите на општината. Родовата еднаквост преку образование, култура, медиуми, здравство, социјална заштита, спорт и против родово основано насилство и трговија со луѓе.

Програмата се планира да се реализира со средства во висина од **2.200.000,00 денари** кои со ребалансот на Буџетот на општината остануваат на исто ниво.

# ПЛАН НА ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ

Планот на програмите за развој претставува среднорочен приказ на програми кои се наменети за развојни инвестиции и истиот ги содржи среднорочните проекции на одобрени средства во општината по одделни буџетски програми и потпрограми , години во кои истите ќе се реализираат и изворите на нивното финансирање .

Општината Битола во 2024 година приоритет му даде на повеќе развојни проекти кои со измените и дополнувањата ќе бидат со вкупен износ од **270.834.916,00 денари**, за 2025 година 1.167.710.480,00 денари, за 2026 година 393.899.491,00 денари.

**ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ**

**НА РАЗВОЈНИ ПРОГРАМИ ПО ГОДИНИ 2024-2026**

| Реден број | Име на буџетска програма | Име на развојна програма | Планирани работи за изведување | Износ за 2024 во ден. | Износ за 2025 во ден. | Износ за 2026 во ден. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | JD | | **Изградба и реконструкција на улици и локални патишта** | | | |
| 1. | | JDS | Реконструкција на коловоз на улица „Стив Наумов“ | 13.100.000,00 | 4.407.373,00 | 0,00 |
| 2. | | JDN | Реконструкција на паркинг простор кај спортска сала „Боро Чурлевски“ | 10.921.141,00 | 0,00 | 0,00 |
| 3. | | JDL | Реконструкција на коловоз на улица „Солунска“ II фаза | 13.342.497,00 | 0,00 | 0,00 |
| 4. | | JDU | Изградба на улична мрежа во с.Егри и с.Лажец | 6.727.503,00 | 0,00 | 0,00 |
| 5. | | JDO | Изградба на улична мрежа во с.Оптичари | 4.658.000,00 | 0,00 | 0,00 |
| 6. | | JDC | Изградба на улична мрежа во с.Долно Оризари | 12.305.600,00 | 0,00 | 0,00 |
| 7. | | JDH | Реконструкција на улицата покрај Св.Неделските гробишта | 23.402.000,00 | 0,00 | 0,00 |
| 8. | | JDK | Реконструкција на коловоз на улица „Булевар 1-ви Мај“ | 10.000.000,00 | 0,00 | 0,00 |
| 9. | | JDT | Изградба на коловоз на улица „СТУ1“ во АРМ Четврт 1 | 2.300.000,00 | 0,00 | 0,00 |
| 10. | | JDQ | Реконструкција на улица „Довлеџик“ со кружен тек (влез од Охрид) преостанат дел | 100.000,00 | 29.900.000,00 | 45.577.528,00 |
| 11. | | JDZ | Изградба на паркинг простори за Декорпод | 100.000,00 | 7.800.000,00 | |
| 12 | | JDZ | | 100.000,00 | 7.900.000,00 | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Изградба на паркинг простори за на ул.„Романија“ | | | |
| 13 | | JDZ | Изградба на паркинг простори за на ул „Ат Пазар“ | 100.000,00 | 4.900.000,00 | |
| 14. | | JDB | Реконструкција на коловоз на улиците „150-та“, „170-та“ и „210-та“ | 100.000,00 | 14.125.336,00 | |
| 15. | | JDZ | Реконструкција на коловоз на улиците „11-ти Март“, „Козара“ , „Панде Николов“ и „Димитрије Туцовиќ“ | 100.000,00 | 13.056.081,00 | |
| 16. | | JDZ | Реконструкција на коловоз на локален пат за с.Буково | 100.000,00 | 19.900.000,00 | |
| 17. | | JDG | Реконструкција на коловоз на локален пат за с.Цапари (до ф-ката) | 100.000,00 | 6.197.043,00 | 5.900.000,00 |
| 18. | | JDI | Реконструкција на коловоз на улица „Никола Тесла“ | 100.000,00 | 2.024.661,00 | 2.000.000,00 |
| 19. | | JDZ | Реконструкција на коловоз на краци на улица „Буковски мост“ | 100.000,00 | 3.894.836,00 | |
| 20. | | JDZ | Реконструкција на коловоз на улиците „Влатко Миленковски“ „Паца Ванчова“и „Гаврило Принцип“ | 100.000,00 | 6.348.118,00 | |
| 21. | | JDM | Изградба на коловоз на улична мрежа во с. Карамани | 100.000,00 | 16.679.352,00 | |
| 22. | | JDR | Реконструкција на коловоз на крак1, крак2 и крак3 на улица „Даме Груев“ во нас. Мал Париз | 100.000,00 | 5.324.000,00 | |
| 23. | | JDZ | Реконструкција на коловоз на улица „Булевар 1-ви Мај“(од Црн Мост до улица Столарска) | 100.000,00 | 36.114.255,00 | |
| 24. | | JDV | Реконструкција на коловоз на улица „7-ма Бригада“ | 100.000,00 | 5.807.076,00 | |
| 25. | | JDY | Изградба на коловоз на улица кај Дулие (ЛИДЛ) | 100.000,00 | 11.780.000,00 | 8.318.784,00 |
| 26. | | JDZ | Изградба на коловоз на дел од улица СРУ5 (до спортската сала) | 100.000,00 | 4.500.000,00 | 4.653.083,00 |
| 27. | | JDZ | Реконструкција на коловоз на улица „Караорман“ | 100.000,00 | 6.196.062,00 | |
| 28. | | JDZ | Реконструкција на коловоз на улица „8-ми Септември“ (влез од страна на Скопје) | 13.200.000,00 | 52.055.000,00 | 40.000.000,00 |
| | | | Изградба на коловоз на улица | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 29. | | JDZ | СТУЗ во АРМ Четврт 1 | 100.000,00 | 19.527.447,00 | |
| 30. | | JDZ | Реконструкција на коловоз на улица „Панде Кајзеро“ | 100.000,00 | 6.726.500,00 | |
| 31. | | JDZ | Реконструкција на коловоз на улиците „Љубојно“, „Мукос“ и „5-та“ | 100.000,00 | 3.194.839,00 | 1.900.000,00 |
| 32. | | JDZ | Изградба на коловоз на патот до црквата во с.Крклино | 100.000,00 | 3.885.200,00 | |
| 33. | | JDZ | Реконструкција на коловоз на улица „Христо Ботев“ | 100.000,00 | 9.155.750,00 | |
| 34. | | JDZ | Реконструкција на коловоз на улица „Леринска“ | 100.000,00 | 3.906.439,00 | |
| 35. | | JDZ | Реконструкција на коловоз на улица „Нико Фундали“ | 100.000,00 | 7.406.051,00 | |
| 36. | | JDZ | Иградба на патот до манастирот св.Мерјури во с. Барешани | 100.000,00 | 5.641.222,00 | |
| 37. | | JDZ | Реконструкција на коловоз на улица Димитар Тодоровски(11-та) | 100.000,00 | 2.369.799,00 | |
| 38. | | JDZ | Реконструкција на коловоз на локален пат Трново-Магарево | 100.000,00 | 15.400.000,00 | |
| 39 | | JDZ | Банкини со коцка на локален пат с. Брусник | 5.307.571,00 | 2.800.000,00 | |
| | **KA** | | **Културно творештво и манифестации (капитални трошоци)** | | | |
| 40. | | KAM | Партерно уредување околу Офицерски дом | 1.750.000,00 | 0,00 | 0,00 |
| | **LA** | | **Спорт и рекреација (капитални трошоци)** | | | |
| 41. | | LAA | Реконструкција на други објекти | 0,00 | 6.000.000,00 | 0,00 |
| 42. | | LAB | Изградба на мултифункционален спортски комплекс | 200.000,00 | 189.800.000,00 | 34.500.000,00 |
| 43. | | LAE | Реконструкција на спортски игралишта во ОУ „Елпида Караманди“ | 6.000.000,00 | 26.150.780,00 | 0,00 |
| 44. | | LAN | Изградба на атлетска патека на стадион „Тумбе Кафе“ | 100.000,00 | 29.900.000,00 | 30.000.000,00 |
| 45. | | LAC | Реконструкција на кров на спортска сала во с. Бистрица | 100.000,00 | 17.581.856,00 | 20.000.000,00 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 46. | | LAQ | Изградба на велосипедски патеки | 5.000.000,00 | 31.614.840,00 | |
| 47. | | LAS | Изработка на физибилити студија и техничка документација за изградба на гондола на потег од с,Дихово до врв Пелистер | 2.000.000,00 | 2.000.000,00 | |
| 48. | | LAM | Реконструкција на објект(поранешен ресторан Парк) | 100.000,00 | 58.024.084,00 | |
| 49 | | LAR | Изградба на сала во функција на боксерскиот клуб | 100.000,00 | 43.183.037,00 | |
| 50 | | LAP | Санација на јужна трибина и поставување на ограда околу фудбалскиот стадион | 100.000,00 | 33.900.000,00 | 20.000.000,00 |
| | **GD** | | **Енергетика** | | | |
| 51. | | GDA | Гасификација на Општина Битола | 0,00 | 58.000.000,00 | 71.863.200,00 |
| 52. | | GDP | Реконструкција на улично осветлување на улица „Довлеџик“ со кружен тек (влез од Охрид) преостанат дел | 100.000,00 | 7.500.000,00 | 7.987.400,00 |
| 53. | | GDL | Санација на систем за греење во спортска сала „Боро Чурлевски“ | 4.800.000,00 | 5.200.000,00 | 0,00 |
| 54. | | GDV | Реконструкција на улично осветлување на улица „8-ми Септември“ (влез од страна на Скопје) | 100.000,00 | 2.807.700,00 | 2.000.000,00 |
| 55. | | GDM | Реконструкција на улично осветление на ул Никола Тесла | 100.000,00 | 1.416.704,00 | 1.000.000,00 |
| 56. | | GDR | Реконструкција на улично осветление на ул 11-ти март,Панде Николов | 100.000,00 | 1.600.000,00 | |
| 57. | | GDQ | Батерии за УПС за рефлектори за Градски Стадион | | 5.000.000,00 | 100.000,00 |
| 58 | | GDY | Изградба на улично осветление улица СТУ 3 во АРМ четврт 1 | 100.000,00 | 3.012.545,00 | |
| | **VA** | | ***Изградба на други објекти (Социјална заштита и заштита на деца)*** | | | |
| 59. | | VAA | Изградба на детска градинка во АРМ | 29.000.000,00 | 89.050.829,00 | 0,00 |
| | | | **Изградба и** | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **JI** | | **реконструкција на системи за одведување и прочистување на отпадни води** | | | |
| 60. | | JIN | Реконструкција на канализациона мрежа на улица „Стив Наумов“ | 8.433.783,00 | 5.100.000,00 | 0,00 |
| 61. | | JIR | Реконструкција на канализациона мрежа на улица „Солунска“ II фаза | 9.641.040,00 | 0,00 | 0,00 |
| 62. | | JIE | Реконструкција на канализациона мрежа на улици во населба „Недопирливи“ | 6.397.915,00 | 0,00 | 0,00 |
| 63. | | JIJ | Изградба на фекална и атмосферска канализациона мрежа на улица „Довлеџик“ со кружен тек (влез од Охрид) преостанат дел | 100.000,00 | 9.099.496,00 | 9.099.496,00 |
| 64. | | JIF | Реконструкција на канализациона мрежа на улична мрежа во населба Горно Оризари | 15.100.000,00 | 5.000.000,00 | 0,00 |
| 65. | | JIA | Реконструкција на канализациона мрежа на улица „Христо Ботев“ | 100.000,00 | 3.590.000,00 | 0,00 |
| 66. | | JIB | Реконструкција на канализациона мрежа на улиците „11-ти Март“, „Козара“ , „Панде Николов“ и „Димитрије Туцовиќ“ | 100.000,00 | 6.323.613,00 | |
| 67. | | JIC | Реконструкција на канализациона мрежа на улиците „150-та“, „170-та“ и „210-та“ | 1.962.045,00 | 8.183.119,00 | |
| 68. | | JIG | Реконструкција на канализациона мрежа на улица „Караорман“ | 100.000,00 | 8.424.271,00 | |
| 69. | | JIH | Реконструкција на канализациона мрежа на улица „8-ми Септември“ (влез од страна на Скопје) | 5.100.000,00 | 7.148.240,00 | 10.000.000,00 |
| 70. | | JII | Изградба на фекална канализациона мрежа на улица СТУЗ во АРМ Четврт 1 | 856.127,00 | 3.424.506,00 | |
| 71. | | JIK | Изградба на атмосферска канализациона мрежа на улица СТУЗ во АРМ Четврт 1 | 637.700,00 | 2.550.798,00 | |
| 72. | | JIL | Реконструкција на канализациона мрежа на улица „Панде Кајзеро“ | 649.818,00 | 2.599.271,00 | 0,00 |
| | | | Реконструкција на | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 73. | | JIM | канализациона мрежа на улица „Леринска“ | 100.000,00 | 3.440.338,00 | 0,00 |
| 74. | | JIO | Реконструкција на канализациона мрежа на улица „Нико Фундали“ | 100.000,00 | 2.578.776,00 | 0,00 |
| 75. | | JIP | Реконструкција на канализациона мрежа на улица „Никола Тесла“ | 100.000,00 | 2.951.261,00 | 0,00 |
| 76. | | JIQ | Изградба на колектор на локален пат Трново-Магарево | 100.000,00 | 14.600.000,00 | |
| 77. | | JIZ | Реконструкција на канализациона мрежа на ул Димитар Тодоровски | 100.000,00 | 4.005.870,00 | |
| | **JG** | | **Изградба и реконструкција на системи за водоснабдување** | | | |
| 78. | | JGN | Реконструкција на водоводна мрежа на улица „Стив Наумов“ | 8.000.000,00 | 5.000.000,00 | 0,00 |
| 79. | | JGV | Реконструкција на водоводна мрежа на улици во населба „Недопирливи“ | 13.092.050,00 | 0,00 | 0,00 |
| 80. | | JGJ | Изградба на водоводна мрежа на улица „Довлеџик“ со кружен тек (влез од Охрид) преостанат дел | 100.000,00 | 2.566.057,00 | 3.000.000,00 |
| 81. | | JGC | Реконструкција на водоводна мрежа на улиците „11-ти Март“, „Козара“ , „Панде Николов“ и „Димитрије Туцовиќ“ | 100,000,00 | 4.549.657,00 | |
| 82. | | JGG | Реконструкција на водоводна мрежа на улица „8-ми Септември“ (влез од страна на Скопје) | 100.000,00 | 3.988.480,00 | 4.000.000,00 |
| 83. | | JGH | Реконструкција на водоводна мрежа на улица „Нико Фундали“ | 100.000,00 | 2.343.398,00 | 0,00 |
| 84. | | JGI | Реконструкција на водоводна мрежа на улица „Никола Тесла“ | 655.869,00 | 2.000.000,00 | 0,00 |
| 85. | | JGK | Реконструкција на водоводна мрежа на улица „Христо Ботев“ | 100.000,00 | 2.667.500,00 | 0,00 |
| 86. | | JGQ | Реконструкција на дел од разводна мрежа во с. Трново и с. Магарево | 4.500.000,00 | 100.000,00 | |
| 87. | | JGR | Реконструкција на водоводни приклучоци во Горно Оризари | 1.934.925,00 | | |
| 88. | | JGW | Реконструкција на водоводна мрежа на ул Бурса | 6.326.982,00 | 1.100.000,00 | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 89. | | JGZ | Реконструкција на водоводна мрежа на улица Димитар Тодоровски | 100.000,00 | 1.054.874,00 | |
| 90 | | JGL | Реконструкција на водоводна линија на патот Битола-Логоварди-Поешево | 5.869.921,00 | 23.479.684,00 | |
| | **WA** | | **Изградба на други објекти (Противпожарна заштита)** | | | |
| 91. | | WAA | Изградба на објект на противпожарна единица во АРМ | 100.000,00 | 50.349.101,00 | 72.000.000,00 |
| | **JL** | | **Изградба на други објекти** | | | |
| 92. | | JLA | Изградба на парк | 2.800.000,00 | 0,00 | 0,00 |
| 93. | | JLB | Адаптација на објект за ветеринарна заштита – прифатилиште за кучиња | 1.462.429,00 | | |
| 94. | | JLJ | Употреба и одржување за ЛИП на поплочен простор со одводнување и осветлување | 7.400.000,00 | 0,00 | 0,00 |
| 95. | | JLV | Изградба на велосипедска патека (ПАМП трака) | 100.000,00 | 5.117.488,00 | 0,00 |
| 96. | | JLD | Реконструкција на тоалети во ОУ Коле Канински | 100.000,00 | 7.109.847,00 | |
| 97. | | JLE | Иработка на постамент на споменикот А.Турунџев | 100.000,00 | 1.500.000,00 | |
| 98. | | JLG | Средства за смирување на сообраќајот пред училиштата | 100.000,00 | 5.100.000,00 | |
| 99. | | JLZ | Изградба на парк кај обласпа | 100.000,00 | 2.400.000,00 | |
| | **NA** | | **Капитални расходи за основно образование** | | | |
| 100. | | NAA | Реконструкција на фасада-енергетска фасада на ОУ Стив Наумов | 100.000,00 | 8.000.000,00 | |
| | | | **Вкупно по години:** | 270.834.916,00 | 1.167.710.480,00 | 393.899.491,00 |
| | | | **Сè вкупно:** | 1.832.444.887,00 | | |

*Изработил*
*Сектор за финансиски прашања*